

Кампања за превенција од институционализација
на деца без родители и родителска грижа и
промоција на алтернативни форми на згрижување.



# НА СЕКОЕ ДЕТЕ

Секое дете има право да расте во грижливо семејство, кое му овозможува правилен развој. Само така, тоа може да ги развие своите потенцијали. Сиромаштијата или пречките во развој никогаш не треба да бидат изговор за одвојување на детето од биолошкото семејство и сместување во институција. Колку и да е добра некоја институција за згрижување деца, сепак, никогаш не е подобра од семејство.

**Има поддршка за семејствата што имаат тешкотии да обезбедат грижа:**

- Психо-социјалната поддршка и домашната нега може да им помогнат на децата и на нивните семејства да се справат со менталните, физичките, емотивните и со социјалните потреби.

- Дневните центри им даваат поддршка на децата со посебни потреби и на нивните семејства. Центрите се отворени во работните денови и обезбедуваат осумчасовни активности, кои вклучуваат терапија и поттикнување на учењето на децата и поддршка за нивно вклучување во општеството и во редовната училишна настава.

Има многу причини зошто некои деца не можат да растат покрај своите родители - понекогаш поради болест или смрт на родителите, но често поради сериозно занемарување и злоупотреба. Само во семеен дом детето може да почувствува поддршка и дека припаѓа некаде. Постојат привремени алтернативи кои пружаат таква грижа додека состојбата во биолошкото семејство не се подобри или за децата што немаат можност да се вратат во семејството додека не ги посвојат.

- Згрижување во поширокото биолошко семејство е организиран облик на грижа кога детето живее со дедото, бабата или со други блиски роднини или со некој со кој е емотивно блиско;

- Малите групни домови обезбедуваат грижа за мала група деца (од 5 до 8 деца) на ниво на заедницата;

- Згрижувачко семејство е организиран облик на грижа кога детето живее во семејство што има живеалиште и доволно приходи за детето, но пред се, желба да ги подели своето време, енергијата и топлината и љубовта со детето.

Јави се во најблискиот Центар за социјални работи за да дознаеш повеќе за службите што им даваат поддршка на семејствата или за да откриеш како можеш да ги поддржиш алтернативните форми на згрижување.

**Затоа што НА СЕКОЕ ДЕТЕ МУ ТРЕБА СЕМЕЈСТВО!**



# НА СЕКОЕ ДЕТЕ МУ ТРЕБА СЕМЕЈСТВО!